20220450580

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 68-а и член 69 став 1 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 77/2021 и 285/2021), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 јануари 2022 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ И ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НА ПРИРОДНИ ЛЕКУВАЛИШТА КОИ ВРШАТ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА МЕДИЦИНСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА КАКО ПРОДОЛЖЕНО БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги кои ги пружаат природните лекувалишта кои вршат специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување и специјалистичко консултативна здравствена заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 188/2020), во член 8 по ставот 3 се додаваат четири нови става кои гласат:

„Годишниот план за вид и обем треба да опфаќа најмалку 50% од вредноста на годишниот надоместок за здравствени услуги од дејноста специјализирана медицинска рехабилитација.

Годишниот план за вид и обем треба да опфаќа најмногу 50% од вредноста на годишниот надоместок за здравствени услуги од дејноста за специјалистичко консултативна здравствена заштита.

Неискористениот надоместок од специјалисточко консултативна здравствена заштита, може да се користи здравствени услуги за специјализирана медицинска рехабилитација. Додека неискористениот надоместок за специјализирана медицинска рехабилитација, не може да се користи за здравствени услуги од специјалисточко консултативна здравствена заштита.

Реплан се прави и доставува до Фондот пред истекот на годината, во случај на пренамена на неискористените средства од вкупниот надоместокот за дејноста специјалистичко консултативна здравствена заштита во дејноста специјализирана медицинска рехабилитација."

Член 2

Во член 13 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Фактурираниот месечен износ може да биде најмалку 50% од една 1/12 од утврдениот годишен надоместок, за соодветната дејност."

Во ставот 3 зборот „квартално" се брише.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-1517/8
31 јануари 2022 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
д-р **Ridvan Asani,** с.р.